Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација

## период април-јуни 2026 година

Скопје, јули 2026 година

113

физички и правни лица поднеле претставка до КСЗД за заштита од дискриминација

2

поведени постапки на КСЗД за заштита од дискриминација по службена должност

14

случаи на утврдена дискриминација во периодот од април до јуни 2026 година

*Изразите во овој извештај кои имаат родово значење се однесуваат подеднакво на машкиот и на женскиот род*

# ПРЕДМЕТИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во вториот квартал на 2026 година, до КСЗД се доставени 113 претставки и тоа 98 од физички лица (од кои 4 групно) и 15 од правни лица.

Во споредба со истиот период во 2025 година, бројот на поднесени претставки е речиси идентичен.

Во извештајниот период КСЗД поведе и две постапка по службена должност.




Од подносителите физички лица, за 8 не е познат податокот за припадноста на пол. Од оние кои доставиле податок, 40 (47%) биле жени и 46 (53%) биле мажи.




Во однос на националната припадност, 44 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 31 биле Македонци, 11 Албанци, 4 Роми и 3 Турци. Еден подносител на претставка се изјасниле за друга етничка припадност (Хрватска).




Во поглед на возраста, најмногу претставки се поднесени од граѓани на возраст 41-50 години (18 претставки). Поднесени се и 5 претставки од родители во име на нивните деца.

Податок за возраст не доставиле 39 граѓани.

## МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ




64 претставки поднеле граѓани и правни лица со адреса/седиште во општините од Скопскиот плански регион. Бројот на претставки од општините во останатите региони е следниот:

- 12 од Полошкиот плански регион
- 9 од Пелагонискиот плански регион
- 6 од Вардарскиот плански регион
- 6 од Источниот плански регион
- 5 од Југозападниот плански регион
- 3 од Југоисточниот плански регион
- 2 од Североисточниот плански регион

Една претставка е поднесена од лице со живеалиште/престојувалиште во Норвешка и една претставка од лице со живеалиште/престојувалиште во Србија, а четворица подносители на претставки не доставиле адресен податок.

## ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ВТОРИОТ КВАРТАЛ НА 2026 ГОДИНА




Во второто тримесечје на 2026 година, КСЗД донесе вкупно 87 одлуки по предмети за заштита од дискриминација, од кои 62 по предмети отворени во тековната година и 25 по предмети пренесени од претходната година.

Донесени се 44 мислења, од кои во 14 случаи се утврди дискриминација, а во 30 не се утврди дискриминација.

Се отфрлиле, односно не се постапувало или била запрена постапката по 43 претставки.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Видови на утврдена дискриминација




Директната дискриминација е најчестиот утврден вид на дискриминација во вториот квартал на 2026 година.

Утврдени се и случаи на потешки облици на дискриминација и тоа како интерсекциска дискриминација, продолжена дискриминација, повеќекратно вознемирување и случај на повеќекратно и продолжено вознемирување.

## Основи на утврдена дискриминација




Во утврдените случаи на дискриминација во вториот квартал на 2026 година, идентификувана е повреда на правото врз 14 различни заштитени карактеристики.

Најчесто утврдена е дискриминацијата врз основа на попреченост и здравствена состојба. Потоа следат случаите на етничка дискриминација, дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, политичко уверување и останати основи кои се прикажани на графиконот. Утврден е и случај на дискриминација врз интерсекциски поврзани основи на пол, род, здравствена состојба и бременост.

## Области на утврдена дискриминација




Најмногу случаи на дискриминација се утврдени во областа на работата и работните односи, а потоа следат случаите на дискриминација во пристапот до добра и услуги, од кои еден во здравствената заштита, втор во социјалната сигурност и трет за услуги кои ги даваат општините. Утврдени се и случаи во областа на домување, јавно информирање, образование и правосудство и управа.

# СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Продолжена интерсекциска дискриминација кон воен инвалид, од страна на Комисијата за станбени прашања при Владата на РСМ**

Случајот ја отсликува особено тешката положба во која може да се најдат лицата што истовремено се соочуваат со повеќе основи на ранливост. Подносителот е лице со 100% утврдена инвалидност, кое има потреба од постојана нега и помош од друго лице. Истовремено, тој е родител на три деца, при што едно од нив живее со тешка вродена здравствена состојба. Овие околности создаваат комплексна животна ситуација што бара засилена институционална грижа и постапување во согласност со принципите на еднаквост, достоинство и социјална правда.

Комисијата оцени дека во вакви случаи државните органи имаат обврска активно да ги препознаат повеќекратните ранливости и да обезбедат ефективен пристап до правата. Затоа, КСЗД препорача Комисијата за станбени прашања при Владата да донесе одлука по барањето на подносителот, земајќи ги предвид неговите специфични околности, како и во рок од 30 дена да ја извести Комисијата за преземените мерки. Дополнително, беше препорачано да се обезбеди поголема транспарентност на методологијата и критериумите за распределба на становите, со посебно внимание кон лицата кои се наоѓаат во состојба на повеќекратна ранливост.

Овој предмет претставува потсетник дека еднаквиот третман не значи секогаш еднаков пристап кон сите, туку препознавање на различните животни околности и обезбедување еднакви можности за остварување на основните човекови права.

**Дискриминација врз станарите со попреченост и намалена подвижност во Државниот пензионерски дом „Аеродром“**

Во текот на постапката, Комисијата утврди директна дискриминација врз група станари во Државниот пензионерски дом „Аеродром“ по основ на ментална и телесна попреченост и здравствена состојба.

Предметот укажа на тоа дека архитектонските бариери не се само технички недостаток, туку пречка што директно влијае врз достоинството, самостојноста и безбедноста на лицата со попреченост. Комисијата утврди дека домот нема функционални влезови што овозможуваат непречено користење од лица кои користат инвалидска количка или други ортопедски помагала. Дополнително, отсуството на соодветна рампа што ги поврзува лифтовите со надворешниот простор значително го отежнува, а во одредени ситуации и го оневозможува, пристапот на службите за итна медицинска помош, создавајќи сериозен ризик за животот и здравјето на станарите.

Комисијата оцени дека обезбедувањето пристапност не е прашање на удобност, туку законска обврска и предуслов за еднакво уживање на човековите права. Затоа, препорача Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во рок од 30 дена да изготви стручна проценка на пристапноста на објектот, а во рок од 90 дена да обезбеди функционален и пристапен влез преку отстранување на постојните архитектонски бариери или примена на друго соодветно техничко решение. Исто така, беше препорачано Фондот да воспостави соработка со Општина Аеродром за изнаоѓање трајно решение што ќе овозможи непречен пристап до домот за возилата на итната медицинска помош, противпожарните служби и другите интервентни и сервисни возила.

Овој случај потсетува дека пристапноста е едно од темелните човекови права и предуслов за независен живот и целосно учество во заедницата. Кога јавните институции не обезбедуваат средина достапна за сите, лицата со попреченост се исклучени од рамноправно користење на услугите и се изложени на дискриминација, а во итни ситуации и на сериозни ризици по нивниот живот и здравје.

КСЗД
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368
+ 389 23 216 892

contact@kszd.com
www.kszd.mk